21.01.2007, 16:07

ГОДИШНА ИЗЛОЖБА

# И ДЛУМ НА НОВ ТРАНЗИЦИСКИ СТАРТ



КАТЕРИНА БОГОЕВА

„Само бегло осврнувајќи се кон децениите наназад, јасно се согледува значењето на една ваква мега асоцијација како што е Друштвото на ликовните уметници на Македонија, а јасно се согледува и импозантната бројка творци кои ја одредуваа, креираа и профилираа ликовната мисла кај нас. Се разбира, во таа мошне динамична, често и естетска турбулентност, Друштвото имаше и подеми и падови, а постоеја поединци и структури кои го величаа и оспоруваа, фалеа и негираа. Оттука, за да се зачувува неговата достоинствена позиција останува уште нешто да се одработи, за оваа асоцијација да остане привлечна, атрактивна и престижна еснафска организација. Времето што претстои за ДЛУМ мора да биде време на консолидација, реорганизација и трансформација, а Министерството за култура ги поддржува таквите чекори за создавање партнерски односи во остварувањето на заедничките интереси и цели " - изјави меѓу другото на отворањето на Годишната, 53. по ред, ревијална изложба на ДЛУМ, Министерот за култура Илиријан Беќири, кој на Друштвото му посака натамошни успеси и долговечност, а на уметниците нови творечки хоризонти и подобра статусна (и материјална) позиција.

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ
- ВОЗЕТЕ ВНИМАТЕЛНО- НАМЕСТА ПАТИШТАТА ВЛАЖНИ И СО ОДРОНИ
- ДРАМА НА ФИЛМСКИОТ ФЕСТИВАЛ ВО КАН: ОПАСНОСТ ОД БОМБА!
- ГОРЧЕСКА СЕ ПОДГОТОВУВА ЗА РОЛАН ГАРОС
- СЕАТ КОЧАН ОСТАНУВА ДА СЕ БРАНИ ОД СЛОБОДА
- ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

17° СКОПЈЕ ВРЕМЕ
Обилни врнежи
НЕД 21 | ПОН 21 | ВТО 22 | СРЕ 21 | ЧЕТ 21
ПЕТ 19 | САБ 21 | НЕД 22 | ПОН 24 | ВТО 26
овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ
СДСМ најавува битка за принципи, не за ресори
Од недела нов влажен бран
Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула



Присутните уметници, дел од нив и добитници на и во оваа прилика, доделените традиционални еснафски награди, во Музејот на град Скопје ги искажаа своите сомнежи, но и оптимизам дека во времето кое престои, здружението со својот шеесетгодишен багаж, ќе има сила да продолжи со нова енергија за да ги следи светските тенденции на организирање и презентација на творештвото на своите членови.

„„Во овие 15 -16 години транзиција и ДЛУМ си го бараше своето место. Државата сега има големи обврски, а ние сеуште не сме ја нашле потребната симбиоза меѓу уметниците и државата каква што постоеше во претходниот режим. Но за прв пат имаме Министер за култура ликовен уметник а и за прв пат жена е на чело на ДЛУМ. Тоа се знаци, и верувам дека нешто позитивно и ќе се случи“, изјави мозаичарот Газанфер Бајрам, кој, заедно со скулпторот Благој Чушков, е добитник на наградите за долгогодишна активност, Нерешки мајстори.

„Сум бил и во раководните органи на ДЛУМ, знам како од почеток пулсира ново раководство со многу ентузијазам, но ние живееме во кризно општество, еланот брзо спласнува затоа што нема поддршка од ресорното министерство, нема спонзорства. Но, да се надеваме на подобро, секогаш треба да се тргне со верба“, вели скулпторот Ангел Димовски-Чауш, добитник на наградата за скулптура „Јордан Грабул“.



Иако со години наназад, многу ликовни автори особено млади, не учествуваат активно во работата на ДЛУМ, (многумина не ни членуваат поради начинот на негово функционирање кој го критикуваат како застарен и полн со недоследности во верификувањето на ликовните вредности на авторските дела и нивното презентирање), сепак и годинава на изложбата ревијално се презентираат дела на 110 автори од различни генерации. Традиционалните награди на авторите им ги додели претседателката Тања Балаќ а почесни членови на ДЛУМ станаа и професорите Ферид Мухиќ и Кирил Темков. Наградите за сликарство „Лазар Личеновски“, „Петар Мазев“ и „Димитар Кондовски“ им беа доделени на Томе Мишев, Невзат Бејтули - Кица и Сашо Поповски, а наградата за графика „Димче Николов“ на Трајче Блажевски.

„Со самата промена на раководството сум оптимист, доаѓа до менување на менталниот склоп на менаџирање на нештата. Очекувам промените да бидат покомплетни, со организирање на нови креативни точки. Ако се случи Министерот за култура да овозможи решавање на просторниот проблем, комуникацијата ќе биде полесна и во организациска смисла и при презентација на делата. Во моментов недостигаат многу нешта во презентацијата “ - смета Невзат Бејтули- Кица.

Оптимизам дека годинава навистина на ДЛУМ „ќе му тргне“ на подобро,


Deutsche Welle

Пипа кажа „Да“

Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0

Германија: Еден милион слободни работни места

изрази и ликовната критичарка Соња Абаџиева, заради како што рече, составот на новото раководство, сочинето од млади луѓе ослободени од багажот на постарите.

Сликарката Емилија Божиновска чие дело е презентирано на изложбата, му верува на новото раководство во начинот на организирање на друштвото, но потенцира дека,останатиот дел на неговото функционирање зависи од самите членови. „Не може некој само да не' поттикнува, мора самите да дадеме многу од себеси за да функционира ДЛУМ, но, конечно, и да ја имаме вистинската поддршка од Министерството за култура. Активен член сум на ДЛУМ од 1991 и досега не сум се откажала" -изјави Божиновска.

Се' уште нема конкретна информација каде би бил во иднина новиот простор на ДЛУМ, чие седиште сега се наоѓа во мезанин на стамбена зграда во близина на новата железничка станица, но мошне веројатно е ликовните уметници да се сместат во дел од Домот на армијата, во центарот на градот.

Статијата е прочитана 2383 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар



РЕДАКЦИЈА
ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат
Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани